Совет на Општина Делчево
Број 09-2123/4

15.11.2023 година

Делчево

ЗАПИСНИК
Од продолжението на одржаната 28.седница
на Советот на Општина Делчево

Продолжението на 28.седница се одржа на 15.11.2023 година (среда), во Мултифункционалниот центар, со почеток во 16:15 часот. На седницата присуствуваа 14 членови на Советот.

Оправдано отсутен беше Иван Гоцевски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот на Општина Делчево, Гоце Попов, кој рече дека денеска се продолжува 28.седница која била прекината бидејќи за точката Измени и доиполнувања на Буџетот на општина Делчево за 2023 година не била одржана седница на Комисијата.

Во меѓувреме, претседателот на Советот е известен од страна на претседателот на Комисијата дека е одржана седница на Комисијата, со што се исполнети условите за продолжение на седницата и затоа тој ја повика Ана Ситновска Димитровска одговорен сметководител во општина Делчево да ја образложи точката.

Ана Ситновска Димитровска рече дека со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, извршени се измени и дополнувања на Буџетот на општината, односно извршено е зголемување на вкупниот буџет за износ од 33.823.422 денари , односно зголемување од 10,62%, и вкупниот буџет ќе изнесува 352.121.715 денари.

Вкупните приходи во основниот буџет се зголемени за износ од 24.751.582 денари или 24%, и истите со ребалансот изнесуваат 126.845.582 денари. Зголемувањето во делот на буџетските приходи произлегува од зголемувањето на даноците за специфични услуги односно комуналиите, приходите од ДДВ, конто 741 трансфери од други новоа на власт, за кои имаме информации дека во наредниот период ќе добиеме средства по Договори од Министерство за култура во износ од 9.623.369 денари, од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој во износ од 870.000 ден., од Министерството за транспорт и врски во износ од 931.973 денари за реконструкција на ул.Острец, и 5.800.000 денари добиени минатата година на 27.12.2022 од Министерството за транспорт и врски кои се однесуваат на реконструкцијата на локалниот пат Делчево-Стамер.

Во буџетот на самофинансирачки активности имаме незначително зголемување за 34.000 и изнесува 12.824.000 денари. Во буџетот на дотации зголемувањето е за 6.704.160 денари и изнесува 206.079.740 денари, додека кај буџетот на донации има зголемување за 2.333.680 денари и истиот изнесува 6.372.393 денари.

Што се однесува до билансот на расходите, истиот изнесува 352.121.715 денари, и износите се менуваат како што следува во Предлог -Одлуката за измени и дополнувања на буџетот за 2023 година. При анализата на основниот буџет ќе видиме дека и билансот на расходи се зголемува исто така за 33.823.422 денари, како и билансот и приходи, односно зголемувањето е за износ од 126.845.582 денари. Во расходниот дел има зголемување во делот на платите и надоместоците од плата во износ од 3.764.100 денари. Во делот на стоки и услуги група 42, износот се зголемува за 2.255.213 денари. Во група 42 имаме зголемување на сите конта освен конто 424 каде имаме мало намалување на планираните расходи. Позначително зголемување имаме кај каматите за 687.000 денари. Група 47 имаме зголемување за 50.000 за исплата на новороденчиња и еднократна парична помош. И на крајот група 48, конто 482 капитални расходи имаме зголемување за 17.891.269 денари. Во посебниот дел од буџетот се

дадени сите измени и дополнувања по ставки, програми и потпрограми, доколку имате прашања повелете, истакна А.С.Димитровска.

За збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски која праша дали општинската локална самоуправа е претворена во социјална служба за згрижување на партиски гласачи на СДСМ и роднински поврзани поединци со партиските функционери на СДСМ во Делчево кои што директно или индиректно генерираат помал учинок и реализација на капитални инвестиции за подобрување на животот на делчевчани?

Таа рече дека во врска сооваа точка има неколку констатации при што истакна дека прашањето на негативните последици од зголемувањето на ставката за плати и надоместоци во Буџетот на Општина Делчево е проблематично од повеќе аспекти и тоа:

-Со зголемувањето на минималната плата од страна на Владата на СДСМ и ДУИ што е оправдано согласно трошоците за живеење наметнати од високата инфлација, се зголемува и ставката за плати и надоместоци во Буџетот на Општина Делчево. На тој начин се намалува буџетот за капитални расходи со што граѓаните добиваат намалена услуга од страна на општината. Намалените капитални расходи во основниот буџет наменети за изградба и реконструкција на улици, канализации, водоводи, други капитални расходи неопходни за подобар стандард на делчевчани, дополнително ќе се одрази на економијата во општината, на условите за водење бузнис, за зголемено ниво на проблеми со патната, водоводната и канализациона инфраструктура, уличното осветлување, уредувањето на јавните површини, чистењето на водотеци, на ингреенциите за заштита и спасување и речиси сите надлежности на Општината. Општина Делчево во голема мера зависи од централната власт и поради политичта провиниенција на градоначалникот кој е од СДСМ некако се балансираат состојбите иако во недоволна мера и несоодветно на потребите на граѓаните. Зависноста на општина Делчево од централната власт се пресликува кај сите општини низ Македонија што е своевидна форма на социјализам каде што луѓето од штабот на „Бихаќка" и од штабот на Мала Речица одлучуваат каде ќе инвестираат пари за развој на општините.

-Поради инфлацијата во државата, зголемениот износ на ставката на плати и надоместоци во Буџетот на Општината, диктира реална потреба за зголемување на приходите во Буџетот што ќе доведе до раст на даноците врз основа од кои се финансира општина Делчево. Таа постапка не се спроведува од популистички причини и од реакцијата на граѓаните кои и така се „утепани" од високите цени. Одржувањето на ваквата статус-кво ситуација ќе овозможи дополнително намалување на расходите за капитални инвестиции во основниот буџет на општина Делчево што дополнително ќе се одрази на лошиот животен стандард за делчевчани. Досега можеби и гледавме депонии на сите страни, обраснати јавни површини, несанирани дупки по улиците, нефункционално улично осветлување, а во наредниот период ваквата ситуација ќе предизвика уште повеќе проблеми доколку нешто сериозно не се промени во начинот на практикување демократија во Делчево, истакна Стефанија Атанасова Јовановски.

Реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека оваа дискусија наликувала на прес-конференција на ВМРО ДПМНЕ и оваа дискусија нема врска со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево, ниту пак има некаква констатација со истите. Биле спомнати партиски и роднински вработувања и намалување на буџетот. Тој рече дека напротив со ребалансот има зголемување на буџетот, односно зголемување од 10,62%, а не намалување што значи дека воопшто не го слушале образлагачот на точката.

Оливера Ташевска рече дека инфлацијата во државата, зголемениот износ на ставката на плати и надоместоци во Буџетот на Општината сигурно ќе предизвика зголемување на данокот и трошоците на граѓаните кои и така се „утепани" од високите цени и ќе доведе до значително намалување на капитални проекти инвестиции во основниот буџет на општина Делчево што дополнително ќе се одрази на лошиот стандард на граѓаните.

Кирил Тренчевски рече дека е многу интересно кога образлагачот ја образлага точката, а советниците од ВМРО ДПМНЕ воошто не го слушаат туку си разменуваат некакви ливчиња за да можат да држат прес-конференции на седница на Совет. Ако го слушале образлагачот тогаш ќе

знаат дека има зголемување и во делот на буџетските приходи кое произлегува од зголемувањето на даноците за специфични услуги односно комуналиите, приходите од ДДВ, конто 741 трансфери од други новоа на власт.Значи, зголемени се приходите на буџетот по основ на ДДВ, нема намалување на буџетот туку напротив има зголемување, рече тој.

Оливера Ташевска рече дека има зголемување на ставката 426, а Кирил Тренчевски рече дека тоа е расходна ставка, а претходно зборела за приходи.

Ана Ситновска Димитровска ја праша советничката кога рекла зголемување на даноците, на кои даноци мисли, кој данок е зголемен?

Оливера Ташевска рече дека мислела општо во државата и дека последните 6 години во нашата општина немало некој поголем капитален проект, нема вработувања, нема ниту една инвестициска фабрика која ќе придонесе за намалување на невработеноста и спречување на иселувањето. Зголемуваме ставка за плати и надоместоци, за сметка на капитални проекти рече таа.

Претседателот на Советот рече дека советничката меша локална и државна власт, ние сме локална власт и сега се разговара за ребаланс, односно измени и дополнувања на буџетот на Општината, а не на државата, рече претседателот на Советот.

Ана Ситновска Димитровска рече дека  зголемувањето на платите за 10% не е само во Делчево, тоа е во сите општини и се однесува на  сите вработени во јавниот сектор.

Сашко Ивановски рече дека реагира на дискусијата на координаторот на советничката група на СДСМ во врска со нивните дискусии. Тој рече дека дискусиите на советниците од ВМРО ДПМНЕ се нивна работа, нивни ставови кои се донесени и усогласени по претходна координација. Дали имаат смисла или немаат смисла, тоа не треба да го инетересира координаторот на СДСМ и не треба да ги коментира истите. Во врска со точката тие имаат свои ставови, констатации и ги изнесуваат, а тој ако има свој став, треба да го изнесе својот став, а не да ги коментира нашите, рече тој. Факт е дека има пад на животниот стандард, факт е дека се зголемуваат платите, факт е дека има секојдневни поскапувања и не знам што од тоа не е точно, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека тој реагира затоа што советниците не се придржуваат на дневниот ред и дускутираат работи кои немаат врска со ребалансот.

Претседателот на Советот рече дека не му се верува дека советниците од ВМРО ДПМНЕ немаат конкретни прашања до образлагачот за ребалансот, а спомнуваат работи кои не се во врска со дневниот ред (Мала Речица, Бихаќка и слично). Тој рече не може да ги прекинува на секој збор кога дискутираат надвор од темата, ова е седница на Совет, разговараме за буџет на општина на локално ниво значи и не е коректно да се влечат паралели со централната власт. Сите советници треба да се концентрираат на точката и ги замоли доколку имаат прашања до образлагачот да ги постават, а не да дискутираат надвор од точката на дневен ред.Зар ниту еден од вас советниците од опозицијата немате прашања за некоја ставка од ребалансот?! Ваша работа е да ги чешлате сите тие ставки и да прашувате за секоја ставка, нема потреба ние како совет да се занимаваме со централната власт, рече тој.

Тони Стаменковски имаше прашање до образлагачот и праша на кои области најмногу се однесува ребалансот на буџетот, каде се менуваат износите на средтвата најмногу, дали во образование, дали инфраструктура, каде, праша тој.

Ана Ситновска Димитровска рече дека јанголем дел од средствата всо ребалансот се ооднесуваат на капитални проекти и тоа 9.623.369 денари за реконструкција на влез и сала во Спомен домот АСНОМ, 807.608 за пристапни патишта во Долни бавчи, 900.000 за реконструкција на ул.„Острец“, 5,8 милиони денари предвидени за локалнит пат Делчево-Стамер.

Тони Стаменковски праша дали со овој ребаланс има и покачување на регресот за годишен одмор или К-15 и дали е исплатен?

Ана Ситновска Димитровска рече дека Општина Делчево има исплатено регрес за годишен одмор на вработените, освен за пожарникарите, а за првпат оваа година таков регрес ќе добијат и вработените во образование, библиотека, градинка и тоа е решено законски и тие средства се од наменската дотација, не се средства од основниот буџет на Општина Делчево, рече таа.

Оливера Ташевска праша во кој временски период ќе се реализираат овие проекти за кои се планирани средства со ребалансот и дали повторно ќе ги планирате во буџетот доколку не се реализираат?

Ана Ситновска рече дека дел од овие проекти се реализирани (Локален пат Делчево-Стамер), пристапни патишта во Долни бавчи, дел се реализираат –реконструкција на сала АСНОМ, реконструкција на ул.„Острец" исто така е при крај, се чека на нивна исплата.

За збор се јави и раководителот ан секторот за финансии, Шабан Багашов во врска со неоја претходна дискусија дека се намалени капиталните инвестиции за сметка на зголемени плати и надоместоци, што не е точно, рече тој. Напротив, зголмени се капиталните инвестиции, биле планирани 28 милиони со Буџетот, сега со ребалансот се зголемени на 50 милиони денари.

Претседателот на Советот се јави за збор и рече дека разгледувајќи го материјалот има некои прашања во врска со зголемувањето на некои ставки и тоа во Програма Г10 Поддршка на ЛЕР ставка 425 и 426 договорни услуги и други тековни расходи и побара одговор за што ќе се потрошат 500.000 повеќе од планираните на договорни услуги и 200.000 на ставката други тековни расходи? Исто така и на Програма Ј30 јавно осветлување на ставка 423 материјали и ситен инвентар од 300.000 на 1,4 милиони или зголемување за 1,1 милион денари. На што се должи ова зголемување.

Шабан Багашов рече дека на ставката 425 се зголемени средствата заради тоа што се ангажирани 10 и повеќе лица за работа на Проектот за водоснабдување. Во врска со второто прашање тој рече дека оваа ставка (423) е зголемена за поставувањето на ново осветлување во Градскиот парк, средствата се 10% од вкупниот износ на проектот и се сопствено учество на Општината.

Оливера Ташевска рече има прашање во врска со Програмата за водоснабдување и праша што е преземено бидејќи многу често се случува граѓаните на Делчево и другите наслени места со денови да немаат вода?

Претседателот на Советот интервенираше со тоа што рече дека има посебна точка за прашања и предлози, а ако советничката има конкретно прашање за Ребалансот да го постави.

Оливера Ташевска рече дека тоа прашање е од граѓаните кои секојдневно се соочуваат со проблем и недостиг на вода, со чести дефекти и затоа го поставува ова прашање, зошто нема измена или повеќе предвидени средства во тој дел?

Претседателот на Советот рече дека за проблемите за водоснабдување и вода за пиење не може да даде одговор образлагачот на точката, а советничката ова прашање да го постави под точката прашања и предлози на членови на Совет.Ако имате формулирано конкретно прашање, поставете го прашањето, веќе трета година сте советник не треба да ги мешате работите, поставете конкретно прашање, рече тој.

Оливера Ташевска праша зошто со ребалансот не се предвидени повеќе средства на Програмата за водоснабдителни системи, а има голема потреба?

Ана Ситновска Димитровска рече најверојатно со новиот буџет ќе бидат планирани повеќе средства на таа програма, со ребалансот сега се предвидени повеќе средства за капитални проекти кои веќе се завршени и овој месец треба да се изврши плаќањето.

Сунчица Ѓорѓиева рече дека од предложениот Ребаланс може да се види и работењето на Советот на Општина Делчево и истакна дека добра страна на овој ребаланс се капиталните инвестиции или проекти.

Шабан Багашов рече дека на седница на Комисијата било разговарано да се предложи непотрошените средства за службени патувања во Програма А0 Совет во износ од 200.000 денари од ставката службени патувања, да се префрлат на ставка за надоместоци на членови на Совет во истата Програма А0 и средства во износ од 57.000 денари од Програма К3 за вработување, бидејќи нема да се реализира, да бидат префрлени на ставката надоместоци во Програма А0 Совет на Општина.Овој предлог бил предлог на градоначалникот на Општина Делчево.

Претседателот на Советот рече дека овој предлог мора да биде предложен од некој советник и затоа ќе даде пауза за координација во врска со предлогот што го соопштил Шабан Багашов. Тој истакна дека му е драго што градоначалникот и службите во Општина Делчево констатирале дека Советот, односно претседателот на Советот не троши општински средства за службени патувања, туку секогаш патува со свое возило и на сопствен трошок.

Претседателот на Советот за кратко ја прекина седницата.

***

По паузата за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека советничката група на СДСМ и коалицијата бара измени во самиот Ребаланс и тоа:

-„Во Програмата А0 Совет на Општина Делчево, на ставката 420-патни и дневни трошоци со ребалансот се планирани 504.000 денари, предлогот е 200.000 од оваа ставка да се тргнат и да останат 304.000, а тие 200.000 од оваа ставка да се стават на ставка 404 во Програмата А0 Совет на Општина за надоместоци на членови на Совет;

-Вториот предлог е од Програма К3 музејска дејност средства во износ 57.300 денари планирани за плата и придонеси на едно лице, кое нема да се реализира до крајот на годинат, да се тргнат од оваа Програма и дасе стават на ставката 404 Програма А0 Совет на Општина Делчево“.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и на гласање беше ставен предлогот на К.Тренчевски.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот беше прифатен.

На гласање беа ставени Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година со прифатениот предлог за измена.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ги донесе Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот на Општина Делчево е доставено барање од страна на Петар Богдановски и Фитнес федерацијата на Македонија. Барањето се однесува за финансиска поддршка на Петар Богдановски за неговото учество на Арнолд Класик Европа и Светското првенство во бодибилдинг и фитнес кои ќе се одржат во периодот октомври-ноември 2023 година во Санта Сузана, Шпанија. За таа цел

претседателот предложи средства во износ на 30.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства.

Седматочка-Прашања и предлози на членови на Совет

Оливера Ташевска, до градоначалник и директор на ЈКП „БРЕГАЛНИЦА“

1. До каде е постапката со исплатат на граѓаните на општина Делчево кои беа опфатени со големите поплави?

2.Дали Општина Делчево е подготвена за справување со проблемот со кучињата скитници и што ќе преземе, дали се преземаат некои превентивни мерки и што планира да преземе доколку не се спроведуваат истите?

3.Зошто во с. Вирече не постои систем за депонирање/одлагање на комуналниот отпад поради што луѓето се приморани да го исфрлаат отпадот на две диви депонии во атарот на с. Вирче? Едната е на место викано Дракевица, а другата на место викано Бошковица. Граѓаните се револтирани од неодговорноста на локалната самоуправа бидејќи за овој проблем повеќепати апелирале.

Марјанчо Велиновски, до директор на СОУ „М.М.Брицо“

1. Кој е високопозициониран функционер на СДСМ или член на неговото потесно семејство кој врши притисок врз учениците за набавка на ученичка униформа?

2. Кои спортски клубови имаат неизмирени обврски кон гимназијата СОУ „М.М.Брицо“ и колкави се нивните долгови (ако ги има) и кои се тие спортски клубови на кои им е дозволено користење на спортската сала во текот на учебната 2023/2024 година?

До директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“

1. Со која точно активност и поради што истакнувата дека ќе имате зголемен обем на работа и барате нови вработувања?

Ели Ризова Ангеловска, до директор на ЈКП „БРЕГАЛНИЦА“

1.Дали користењето на скапи а неквалитетни делови за снација на дефектиоте на водоводната линија се причина што на нанекои исти места се случува да се интервенира по неколкупати?

2.Дали големите загуби на нефакурирана вода и големите расходи за неквалитетни делови е причината за високите сметки на ЈКП „Брегалница“ за услугите кон граѓаните за кои имаше многу реакции по социјалните мережи изминативе два месеца?

Стефанија Атанасова Јовановски, до директор на ОЈУДГ „Весели цветови“

1. Дали во Вашата исnституција с епочитува почетокот и завршетокот на работното време и во двата објекта и на кој начин е регулирано истото?

2.Кои се членови на Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели цветови“ (комплетен состав)

3. Како ќе ја искоментирате согласноста за ГПВ на Вашата институција за 2024 година од страна на Министерството за труд и социјална политика, кое се изјасни дека нема забелешки, а истото тоа министерство се произнесе негативно за плановите на детските градинки во општина Штип

До директор на СОУ „М.М.Брицо“

1. Дали е точно дека во СОУ „М.М.Брицо“ нема вработено психолог кој ќе работи со нашите ученици?

2. Кои спортски клубови имаат склучено договори со гимназијата за користење на спортската сала за 2023/2024 и бараме копија од договорите со истите на кои има архивски број?

Сунчица Ѓорѓиева, до градоначалникот

1. Дали во наредната 2024 година ќе се реализира изградба на кружните крстосници на неколку места во градот?

Оливера Ташевска, до градоначалникот

1. Дали градоначалниот на Општина Делчево ќе постапи по Заклучокот донесен од страна на Советот на Општина Делчево, број 09-801/09 21.03.2023 година донесен по барање на Месната заедница од Стар Истевник?
2. Бараме да ни доставите на увид дневните изводи и сите трансакции извршени од и кон донаторската сметка на Општина Делчево од 01.06.2023 до 15.10.2023 година.
3. Дали сметате дека е скандалозна одлуката донесена од страна на Советот на Општина Делчево за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Делчево за 2023 година од 18.08.2023 кодина со која се обезбедуваат 800.000 денари за Вашите партиски вработувања?

Дејан Георгиевски

1. Во Програмата за реконструкција на локални патишта и улици беше предвидена реконструкција на ул. „ Лика Чопова" со претходна замена на цевките за фекална канализација кое е во надлежност на ЈКП „Брегалница".
Прашањето е кога ќе биде реализирана реконструкцијата на улицата?

Со исцрпувањето на дневниот ред, заврши продолжениeто на 28.седница.

Записникот го водела,

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов